24450

ВЕЧЕР-СКОПЈЕ



# ГРАФИКИ И ЦРТЕЖИ ОД МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ



НАСО БЕКАРОВСКИ

**● ГРАФИЧКИОТ КАБИНЕТ ПРИ ГРАФИЧКАТА ЗБИРКА НА НУБ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" МОМЕНТНО СОДРЖИ 263 ОРИГИНАЛНИ ГРАФИКИ И ЦРТЕЖИ ОД СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ**

**Графичкиот кабинет што постои при Графичката збирка на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" во Скопје од година на година сѐ повеќе ја збогатува својата колекција на оригинални графики и цртежи од современи македонски ликовни уметници.**

Со раководителот на Графичката збирка, Насо Беќаровски, истакнат академски скулптор, вчера водевме разговор при што се интересиравме за растежот на Графичкиот кабинет при НУБ „Климент Охридски".

— Графичкиот кабинет како дел од Графичката збирка при НУБ „Климент Охридски" во Скопје, ни рече академскиот скулптор Насо Беќаровски, е посветен исклучиво на оригиналната графика и цртеж од современи македонски ликовни уметници. Кабинетот моментно содржи 151 графика (линорези, акватинти, дрворези, бакрописи, бакрорези, литографии и сито печат) и 112 цртежи (молив, туш, боја) или вкупно 263 графики и цртежи од 43 македонски ликовни уметници. Својата колекција од графики и цртежи Графичкиот кабинет ја создава со творби добиени по пат на откупи и подароци.

— Графичкиот кабинет, продолжи Насо Беќаровски, е организатор и реализатор на две традиционални ликовни презентации и тоа: Графичката изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија што традиционално се одржува во првата декада на мај и изложбата „ДЛУМ-цртеж" чие свечено отворање се совпаѓа со патрониот празник на НУБ „Климент Охридски", 8 декември. Покрај овие две изложби, Графичкиот кабинет во соработка со Службата за култура при Библиотеката организира и низа други ликовни приредби и тоа: изложби на македонскиот уметнички плакат, изложба на илустрации (така, на пример, II светско биенале на илустрацијата што се одржа во Братислава, ЧССР, во целост беше пренесено и во Скопје) итн.

— Освен Графичкиот кабинет, ни рече на крајот Насо Беќаровски, во состав на Графичката збирка при Библиотеката постојат и: збирка на книги за ликовна уметност, збирка на разгледници (со околу 150.000 мотиви од цела Југославија), збирка на уметнички плакат (5.000 експонати) и збирка на репродукции (со над 1.500 творби).

Т. Ширилов

 /14735

16 СЕПТЕМВРИ 1978 ГОДИНА